Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-420**
**urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk**

Бр. 13-10572/1
од 15.12.2021
Скопје

Врз основа на член 46 од Законот за Урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 32/20) , Градоначалникот на Општина Кисела Вода објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС

За формирање на Партиципативно тело

За обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на урбанистичко планирање, по иницијатива на Градоначалникот на Општина Кисела Вода ќе се формира партиципативно тело, кое ќе се состои од членови на комисијата за урбанизам на Општина Кисела Вода, стручни лица вработени во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа, а особено од лица кои се претставници од урбаните и месните заедници, претставници на невладините организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината што ги претставуваат различните групи на граѓани, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на градот.

Партиципативното тело ќе се формира од доброволно пријавени лица на овој јавен оглас.

Јавниот оглас ќе трае 30 дена од денот на објавување на веб страната на Општина Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk и со излагање на истиот во писмена форма на огласната табла во просториите на Општина Кисела Вода.

Во споменатот рок заинтересираните граѓани и правни лица, можат да ги достават своите доброволни пријави за членување во партиципативното тело на шалтерот на Општина Кисела Вода (барака 6), секој работен ден од 08:00 – 20:00.

ГРАДОНАЧАНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА